# Меморандум за соработка за спречување и заштита од дискриминација

**Член 1**
**Цел и обем на Меморандумот за соработка**

Целта на овој Меморандум е да се дефинира полето и обемот на соработка помеѓу страните потписнички, во рамки на своите овластувања, заеднички настап пред јавноста, но и пред потенцијални донатори и заедничко учество на проекти, а во однос на спречување и заштита од дискриминација, како и во однос на промоција и афирмација на концептите на еднаквост, толеранција и недискриминација.

**Член 2**
**Активности**

Активностите, кои се предмет на овој Меморандум за соработка, вклучуваат, но не се ограничени на:

1. Комисијата и Академијата, во рамки на своите надлежности за заедно ќе организираат континуирани обуки за своите целни групи, работни средби и јавни настапи.
2. Комисијата и Академијата ќе соработуваат и заедно ќе настапуваат на проекти кои за цел имаат спречување и заштита од дискриминација, промоција и афирмација на концептите на еднаквост, толеранција и недискриминација, подигнување на јавната свест за истите и сл.
3. Комисијата, со надлежност да прибира статистички и други податоци, формира бази на податоци, спроведува студии и истражувања, на барање на Академијата, ќе ги направи достапни податоците од соодветните бази на податоци, резултатите од спроведените студии и истражувања, како и други податоци од своја надлежност.
4. Комисијата, со надлежност да постапува по претставки, дава мислења и препораки за конкретни случаи на дискриминација, по барање на Академијата или по сопствена иницијатива, ќе доставуваат до Академијата мислења и препораки кои се од интерес на Академијата.
5. Комисијата и Академијата ќе соработуваат во однос на промоција и дефинирање на улогата на Комисијата пред правосудните органи, во случаи кога е поднесена тужба за заштита од дискриминација, било како последица на донесено мислење и препорака од страна на Комисијата или независно од истото.

Согледувајќи ја потребата за спречување и заштита од дискриминација, потребата од промоција и афирмација на концептите на еднаквост, толеранција и недискриминација, потребата од проширување на фронтот на борба против дискриминацијата и нееднаквоста, како и неопходноста од заедничко и координирано дејствување во остварувањето на овој антидискриминаторски корпус од права и обврски,

**Комисијата за заштита од дискриминација** (во понатамошниот текст: „Комисијата“), претставувана од претседателот г-дин Душко Миновски, со надлежности да постапува по претставки, дава мислење и препораки за конкретни случаи на дискриминација, да покренува иницијатива за поведување на постапка пред надлежните органи поради повреди на Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Македонија, бр. 50/2010), да превзема активности за промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминација, да иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација, да дава мислења по предлози на закони од значење за заштитата од дискриминација, да прибира статистички и други податоци, формира бази на податоци, спроведува студии, истражувања и обуки во врска со дискриминација, како и да воспоставува соработка со органите надлежни за остварување на еднаквоста;

**Академијата за судии и јавни обвинители** (во понатамошниот текст: „Академијата“), претставувана од директорот г-ѓа Анета Арнаудовска, како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, како и со надлежности да организира и спроведува домашни и меѓународни конференции, тркалезни маси, семинари, да воспоставува и одржува соработка на полето на обуката со сродни домашни и странски институции, организации, здруженија и фондации

на 27-ми јуни, 2012 година, во Скопје, го склучија следниот

**Член 3**

**Комуникација**

Целокупната комуникација во врска со имплементацијата на овој Меморандум за соработка ќе се одвива преку:

**За Академијата:**
- Директор на Академијата
- адреса: бул. Јане Сандански 12, ламела 2, 1000 Скопје
- телефон: 02/2401 560
- е-маил: info@jpacademy.gov.mk

**За Комисијата**:
- Претседател на Комисијата
- адреса: бул. Кеј Димитар Влахов бб, 1000 Скопје
- телефон: 02/32 32 242
- е-маил: contact@kzd.mk

или преку овластени лица од горенаведеите законски застапници на страните на овој Меморандум за соработка за спречување и заштита од дискриминација.

**Член 4**

**Спорови**

Сите разлики кои можат да произлезат од примената на одредбите од овој Меморандум за соработка, како и од евентуални анекси кон истиот, ќе се решаваат преку пријателски преговори помеѓу страните-потписнички на овој Меморандум.

**Член 5**

**Стапување на сила**

Овој Меморандум за соработка стапува на сила со потпишувањето на истиот од страните-потписнички и, со оглед на природата на надлежностите кои Комисијата и Академијата ги имаат, како и со оглед на потребата од континуирана и суштинска соработка помеѓу страните-потписнички, истиот не е временски ограничен.

Овој Меморандум за соработка ги заменува сите пишани или усни изјави или договори помеѓу страните-потписнички и претставува единствен валиден Меморандум за соработка помеѓу истите.

Било какви измени на овој Меморандум за соработка ќе бидат предмет на пишано одобрение на страните-потписнички.

**За Академијата,**

**судија Анета Арнаудовска**
**Директор**

**За Комисијата,**

**г-дин Душко Миновски**
**Претседател**